14267


pres-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Newspaper cutting

Бр. 8607, стр. 8 — 8. I. 1971


ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# ПРОСТОРНИТЕ ВИЗИИ НА ХАЏИ БОШКОВ

## — ПОВОД: САМОСТОЈНАТА ИЗЛОЖБА НА ХАЏИ БОШКОВ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО БЕЛГРАД

Изложбата на македонскиот скулптор Петар Хаџи Бошков во Салонот на Музејот на современата уметност во Белград (од 18 декември до 14 јануари) привлекува внимание, пред сè, што таа е резултат на најновите истражувања на овој истакнат уметник во обликувањето на металот. Од порано започнатите просторни визии сега добиваат нови ликовни вредности во современиот амбиент, односно во амбиентот на модерната архитектура и во ликовното надополнување и збогатување на современите урбанистички решенија.

Тие, вредностите ги сугерираат низ ликовните решенија и материјалот во кој се изведени. Хаџи Бошков не воведува во светот на својата фантазија, во она што тој го познава и убедливо го наметнува како нов уметнички израз. Скулптурите на Хаџи Бошков како прв впечаток ни ја наметнуваат својата едноставност. Содржинската преокупација не е наметлива. Таа се забележува по подолго внимателно посматрање на експонатите. Се повторува како мото, и повторувам, се наметнува со својата едноличност. Но, тоа не е за потценување. Токму оваа едноличност ја открива и најголемата вредност на еден современ скулптор, а тоа е визуелната преокупација на уметникот.

Спиралните форми на најновите скулптури на Петар Хаџи Бошков. кои се појавуваат и нестануваат, односно, се преливаат во рамни површини, ликовно потсетуваат и на раштимувана армоника. Секако идејата на Хаџи Бошков не била да варира на оваа тема, а особено, не да изнајдува што попогодни скулпторски решенија за овој инструмент. Спиралните форми кои ликовно го сугерираат споменатиот музички инструмент, имаат едно многу подлабоко суштинско значење кое е тесно поврзано со нашиот век, со човекот во условите на модерниот начин на живеење — нашево секојдневие кога е невозможно да се постигне сè што се сака. Во овие скулптури како да се предвестени проблемите што не опкружуваат, што не мачат, што ги решаваме или што треба да ги решиме на еден поширок план. И во ова неизбежно секојдневие имаме чувство дека се собираме и растегнуваме како „ребрата“ на армониката.

Овие „ребра“ со својот блесокот, наспроти рамните црни површини, сугерираат скулпторски решенија за оплеменување и збогатување на просторот: ентериерот и екстериерот во современите урбанистички целини; во новите алуминиумски и мермерни згради, околу нив, во парковите и на плоштадите.

Ништо не пречи што најновите скулптури на Хаџи Бошков немаат вообичаени наслови. туку уметникот ги означува со букви присутни во цивилното воздухопловство или во разменувањето на пораки преку радиобрановите) „АЕА“, „АРА“, „ББ“ итн., а графиките со римски бројки.

Просторната визија во скулптурите на Хаџи Бошков е моќне убедлива. Во тоа е и најголемата вредност на делата на овој истакнат македонски уметник.

**Ристо Кузмановски**